**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 19.06.2024 година

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и четвртата**
**седница на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 19.06.2024 година**

Седницата започна во 11:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за лекување во Република Србија;
3. Предлог - Одлука за одобрување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар;
4. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари;
5. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;

6. Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година;
7. Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година;
8. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година;
9. Предлог - Програма за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година;
10. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година; и
12. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените и дополнувања)** ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за лекување во Република Србија.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување во Република Србија, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми**

**за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на Советот - Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за улично

осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четириесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:40** часот.

**Број 09-3866/2**
**од 10 јули 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Пенка Чудо**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот